Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-332/5

30-08-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08 – 332/1 од 14.06.2022 година, поднесена од [redacted], против Министерство за одбрана на Република Северна Македонија, за извршена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на 29.08.2022 година го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на образование во областа на работата и работните односи од страна на Министерство за одбрана на Република Северна Македонија кон [redacted].

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08 – 332/1 на 14.06.2022 година, од подносителот [redacted] за сторена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи од страна на Министерство за одбрана на Република Северна Македонија.

Подносителот на претставката е потполковник, вработен во Министерството за одбрана на работно место во ВП 8043/01. Според наводите изнесени во претставката, врз основа на Наредба за организациско – формациски промени во Армијата „Д" бр.01-266/1 од 24.09.2019 година започната е организациско – формациска промена во Армијата, со која е опфатена и ВП 8043/01. Со две дополни на наредбата „Д" бр. 25 – 33/2 од 27.01.2020 година и „Д" бр. 25-33/4 од 01.06.2020 година, ВП 8043/01 е укината на 31.10.2020 година, со што е укинато и работното место на подносителот на претставката.

По укинување на ВП 8043/01, подносителот на претставката и други 18 припадници, сите со исполнети услови за пензионирање, со официјален службен документ „известување за завршена трансформација и згаснување на ВП 8043/01 Скопје со статус на персонал" биле предложени за пензионирање, согласно член 218-а од Законот за служба во Армијата (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 14/2020 од 20.01.2020 година)

Член 218-а, став 5 од Законот за служба во Армијата:

*„Кога ќе настанат промени во актот за формација на Армијата, односно актот за систематизација на работните места на Министерството за одбрана кое предизвикува укинување на единица, команда, штаб или укинување на формациско место, односно работното место, при што во рок од 60 дена нема можност активниот воен и цивилен персонал да биде поставен на друго формациско, односно работно место, на истиот му*

*престанува работниот однос со остварување на право на пензија со навршени најмалку 25 години пензиски стаж, од кои најмалку 15 години пензиски стаж остварен во служба во Армијата. "*

Член 218-а, став 7 од Законот за служба во Армијата:
*„Рокот од ставот (6) на овој член, почнува да тече од денот на започнување на трансформацијата согласно со промените во актот на формацијата на Армијата, односно актот за систематизација на Министерството за одбрана, согласно со утврдениот динамички план за трансформација."*

Според наводите на подносителот, работодавачот немал донесено наредба за негово поставување на друго работно место во законски предвидениот рок од 60 дена, сметано од 01.10.2019 година. По барање за пензионирање до работодавниот орган, на 18.01.2021 година било изготвено Решение „ОУ" бр.04-1/1 со кое било одбиено барањето на подносителот за пензионирање, со образложение дека од страна на НГШ на Армијата била донесена наредба за негово поставување од 16.12.2020 година, со која бил поставен на соодветно формациско место, согласно новата структура во Армијата. Од друга страна, останатите колеги од ВП 8043/01, кои ги исполнувале истите услови како и подносителот на претставката, добиле решенија за престанок на работниот однос со остварување на право на пензија. Подносителот на претставката тврди дека кон него, на овој начин е извршена дискриминација врз основа на образование, од причина што тој е офицер, а останатите колеги од формацијата се подофицери.

Ценејќи ги наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 20.06.2022 година испрати Известување бр. 08 - 332/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за одбрана.

На 08.07.2022 година во Комисијата пристигна произнесување по претставката од Министерството за одбрана. Со произнесувањето потенцијалниот дискриминатор го оспори постапувањето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поради застареност и постоење на судски спор за истата правна работа.

Заради утврдување на фактите во постапката за заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се обрати до МО со барање за доставување на информации, со кое беше побаран податок за датумот на започнување на трансформацијата на ВП 8043/01, според Наредбата за организациско – формациски промени во Армијата „Д" бр. 01-266/1 и дополните на наредбата „Д" бр. 25-33/2 и „Д" бр. 25-33/4.
Воедно Министерството беше информирано за одлуката на Комисијата да постапува по претставката и покрај тоа што е опфатен настан случен пред повеќе од една година, заради тоа што во случајот најде постоење на индиции за продолжена дискриминација. Во однос на приговорот за постоење на судска постапка за истата правна работа, Министерството беше информирано дека предметот на спорот во постапката пред Основен граѓански суд Скопје со РО бр. 158/21 е утврдување на престанок на работен однос поради пензионирање, а не дискриминација.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Во одговорот од страна на Министерството за одбрана беше наведено дека подносителот на претставката по укинување на единицата и формациското место на кое бил поставен, бил поставен на друго формациско место според неговата воено – евиденциска специјалност и според новата организациско – формациска структура на Армијата.

Во Наредбата на Началникот на Генералштабот на Армијата „Д" бр. 01-266/1 од 24.09.2019 година било предвидено: Командата на полкот за специјални операции, штабната чета и логистичката чета да започнат со трансформирање од 01.10.2019 година. Трансформацијата започнала врз основа на новиот акт за трансформација на Армијата, донесен од Претседателот на РСМ, за организациско – формациски промени во Армијата „Д" бр. 07-7/2 од 01.07.2019 година. Со Наредба на Началникот на Генералштабот на Армијата „Д" бр. 25-33/2 од 27.01.2021 година, истото било изменето и се предвидело: Командата на полкот за специјални операции, штабната чета и логистичката чета да се укинат на 15.06.2020 година. Со Наредбата на Началникот на Генералштабот на Армијата „Д" бр. 25-33/5 од 15.06.2020 година, истото е повторно изменето и предвидено да се укинат до 30.10.2020 година, кога било укинато и работното место на подносителот на претставката – Офицер за интеграција на сили и касарнски прашања и кое согласно актот за формација на Армијата е формациско место во состав на Командата на полкот за специјални операции.

Од страна на Началникот на Генералштабот на Армијата донесена била наредба „Д" бр. 21-8/1105 од 16.12.2020 година, со која полковникот [redacted] согласно новиот акт за формација на Армијата бил поставен во состав на Командата за обука и доктрини во Велес. Со Наредбата било предвидено истата да се реализира до 25.12.2020 година, односно во рок од 60 дена од денот на укинувањето на единицата во која потполковникот бил поставен на должност.

Од причина што подносителот на претставката во периодот од 21.12.2020 година до 25.03.2021 година бил на боледување, Наредбата за негово поставување „Д" бр. 21-8/1105 од 16.12.2020 година не можела да се реализира.

Министерството за одбрана ја извести Комисијата дека согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата (Сл.Весник на РСМ бр. 171/2022) подносителот на претставката ги исполнува условите за остварување на правото на пензија, според кое работодавниот орган презел активности за изготвување на Решение за остварување на право на пензија за [redacted].

Од горенаведеното, Комисијата утврди дека подносителот на претставката по укинување на единицата и формациското место на кое бил поставен, со Наредба донесена во рок од 60 дена бил поставен на друго формациско место, согласно неговата воено – евиденциска специјалност. Оттука произлегува дека поставувањето на подносителот на претставката е извршено во согласност со законските одредби од Законот за служба во Армијата.
Имајќи го предвид фактот дека Наредбата за поставување на подносителот на претставката била донесена во рок од 60 дена од укинувањето на единицата во која тој бил на должност и законската дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето, дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација од страна на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија кон потполковникот [redacted] врз основа на образование, во областа на работата и работните односи.

Скопје
29.08.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Член на Комисијата
Лимко Бејзаровски

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за одбрана на Република Северна Македонија со адреса на ул. „Орце Николов" бр. 116, 1000 Скопје